# ПРАВИЛНИК
# за формата, содржината и начинот на пополнување на Аконтативната даночна пријава за остварени други приходи

**(“Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/01…15/2011 од 09.02.2011 година)**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на пополнување на аконтативната даночна пријава на персоналниот данок на доход за остварени други приходи.

**Член 2**

Обврзникот на персоналниот данок на доход кој остварува други приходи поднесува аконтативна даночна пријава на образецот ПДД-АДП/ДП.

Образецот од став 1 на овој член содржи: 1. Податоци за обврзникот, 2. Податоци за приходот, 3. Податоци за поднесување, Податоци за приемот и обработката, Општи напомени и Упатство за пополнување.

**Член 3**

Во делот - 1. Податоци за обврзник  се впишува: единствен матичен број на граѓанинот, број на пасош, датум и земја на издавање доколку обврзникот не е жител на Република Македонија, име и презиме и адресни податоци.

**Член 4**

Во делот - 2. Податоци за приходот, се впишува видот на приходот, датумот на остварување на приходот, а доколку приходот се остварува континуирано се впишува датумот на почетокот на неговото остварување и се впишува остварениот бруто износ во денари.

**Член 5 (Се брише)**

**Член 6**

Образецот на даночната пријава ПДД-АДП/ДП е составен дел на овој Правилник.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија.

**Бр. 20-4076/1** **Министер за финасии**

**Скопје, 3 февруари 2011 година** **м-р Зоран Ставрески, с.р**